# КАРВАН НА МЛАДИ ИСТОРИЧАРИ ОД МАКЕДОНИЈА ПО ТРАГИТЕ НА РЕВОЛУЦИЈАТА (1941—1945 г.)

Оваа година 1975, се навршија триесет години од победата над фашизмот и ослободувањето на југословенските народи од окупаторите. Одбележувајќи го овој голем настан, ширум нашата земја беа организирани многубројни и разновидни манифестации.

Вклучувајќи се во прославата по тој повод, во организација на Сојузот на историските друштва од Македонија, карванот на млади историчари од нашата република во периодот од 5 до 13 мај оваа година направи обиколка на повеќе места на славни битки и настани од нашата Народноослободителна борба.

Околу 310 момчиња и девојки од повеќе места на СРМ зедоа учество во карванот. Освен учениците од осумгодишните и средните училишта од цела Македонија, во овој број влегоа и студенти од Филозофско-историскиот факултет во Скопје како и слушатели при Идеолошко-политичкиот центар на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија. Со карванот раководеше избрано раководство на чело со м-р Никола Чинго. По однапред изготвената програма од страна на Штабот, најнапред требаше да се посети споменикот на стреланите младинци во близината на село Ваташа — Моклишко.

На 5 мај, понеделник, колона од 6 автобуси тргна од Скопје кон Ваташа. По скоро три часа паутвање се пристигна на определеното место. Учесниците во карванот го посетија споменикот на тринаесетемина стрелани младинци оддавајќи им на тој начин почит на овие македонски синови убиени од полицијата на бугарскиот фашистички окупатор. По краток престој, карванот од Ваташа се упати преку Скопје кон Приштина. Околу 15 часот карванот пристигна во Приштина, упатувајќи се веднаш кон Косово Поле каде што беше посетен споменикот на Косовските јунаци загинати во познатата Косовска битка. Потоа колоната автобуси со учесниците во карванот го продолжија патот кон Кралево. Во 20 часот се пристигна во Кралево. Во овој град карванот ноќеваше.

Утредента на 6 мај, учесниците во карванот ги посетија гробиштата лоцирани во близината на железничката станица во Кралево. На тоа место во 1941 година. германскиот фашистички окупатор стрелал околу две илјади работници и граѓани, од кои поголем дел биле вработени во фабриката за вагони во Кралево.

Завршувајќи ја посетата на Кралево, карванот го продолжи патот кон Крагуевац. По пристигањето во овој град, карванот го посети спомен-паркот Шумарице, гробница на околу седум илјади луѓе меѓу кои најмногу ученици кои заедно со своите професори 17 на број на 21 октомври 1941 година биле изведени на ова место и стрелани од окупаторот. Триесет и три могили (гробници) колку што се подигнати во овој спомен-парк, вечно ќе сведочат за големото злосторство на германскиот фашистички окупатор. Веднаш при влегувањето во паркот, од левата страна се издига споменикот на младинката Нада Нау-

мовиќ, тогаш студент на медицина и член на КПЈ, која на тоа место во тој судбоносен ден била стрелана. На стотина метри од овој споменик се наоѓа централната гробница на стреланите. Споменикот е изграден во вид на раширени крила од птица, симбол на младост која треба да полета. Под сенката на тие камени крила, почиваат телата на голем број момчиња и девојки од разни возрасти. Само свежото цвеќе, последните поздрави или бројките испишани на камењата околу споменикот сведочат за една прерано прекратена младост.

„Стрелајте! Јас и овде го држам последниот час по историја" пишува на еден камен, или:

„Нашата младост ја убивте, но слободата ќе дојде" и така на секој камен по нешто напишано. Тука пред гробницата на стреланите, учесниците во карванот положија венец и по оддадената почит со едноминутно молчење, започна големиот историски час на кој зборуваше кустосот Бора Рачиќ.

Посетата на Шумарице беше завршена и карванот го продолжи патот кон Титово Ужице. По пристигањето во овој град, учесниците на карванот ноќеваа распоредени во повеќе туристички објекти во околината на Титово Ужице.

Рано изутрината на 7 мај, колоната автобуси со учесниците во карванот полека се искачуваше кон четиринаесеттиот километар од градот. Таму се издига висок споменик, сведоштво за херојската борба на Ужичкиот работнички баталјон кој во борбата со германската фашистичка војска на 29 ноември 1941 година изгинал целиот, бранејќи ја слободната територија и отстапувањето на Врховниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија на чело со другарот ТИТО.

Тоа се случи на славната Кадињача во Првата непријателска офанзива. Напишаната во каменот поема на Славко Вукосавлевиќ е вистински израз на осумчасовната борба во која загинал скоро целиот баталјон, исполнувајќи ја заповедта на Врховниот штаб и долгот кон татковината. Пред гробницата на овие пролетери се одржа голем историски час на кој зборуваше првоборецот од овој крај, еден од шестемина преживеани борци од овој баталјон, Чворовиќ, евоцирајќи сеќавања за овој настан. Неговите зборови:

„Другари и деца наши, гробниците ги затворивме засекогаш и посакуваме да не се повторат човечките кланици. Живејте во мир, радувајте се, но никогаш немојте да ги заборавите овие овде и не само овие туку сите оние кои паднаа за слободата наша", — длабоко се врежаа во свеста на секој учесник во карванот. По завршувањето на историскиот час на Кадињача, колоната автобуси тргна кон градот Титово Ужице чие име во историјата на нашата Народноослободителна борба е напишано со црвени букви, симбол на храброст и непобедивост. Во овој град, во 1941 година беше создадена Ужичката република, единствената слободна територија во срцето на Хитлерова Европа. Во градот ги посетивме Партизанската фабрика за оружје од 1941 година и Музејот на востаниците од овој град.

Посетата на Титово Ужице беше завршена и карванот го продолжи патот кон Тјентиште поминувајќи преку Баина Башта, Вишеград, Горажде и Фоча. На пат за Тјентиште карванот ноќеваше. Еден дел од учесниците во карванот беа сместени во Горажде друг дел во Фоча и трети во Чајниче.

Во четвртокот, на 8 мај, колоната автобуси тргна кон Тјентиште пристигајќи таму околу 9 часот. Во долината на хероите, пред точно 32 години се водела една од најкрвавите битки во нашата Народноослободителна борба. На тие места, во стрмните кањони на Сутјеска, Пива и Тара, во времето од 15 мај до 15 јуни 1943 година се решавала судбината на нашата Револуција. Овде, во тие крвави и судбоносни денови, во најстрашните часови на непрекинати борби, глад и болести се раѓал масовен хероизам, се калело нераскинливо братство и единство. Овде 16 илјади Титови партизани покажале беспримерен хероизам и во една крвава и нерамна борба против неколку пати бројчано посилниот непријател излегле победници пробивајќи го непријателскиот обрач. Врвовите Вучево и Кошур, Боровно и Вилинак, Мратиње и Врбничките колиби нанижани еден по друг се гробници на голем број пролетери. Овде се Маглиќ, Волујак и Зеленгора високи камени колоси кои ќе раскажуваат за херојските подвизи на Титовите борци. Тука се наоѓа гробот на легендарниот Сава, тука е загинат Нурија Поздерац првиот претседател на АВНОЈ, тука се убиени голем број ранети и болни од тифус партизани, тука во Усовачкиот поток се заклани околу 140 деца помали од десет години.

Застанати пред гробницата на бесмртните, учесниците во карванот со едно минутно молчење оддадоа почит на синовите на нашата татковина кои овде во оние крвави денови со голи гради, збратимени, цврсто уверени во делото на легендарниот Тито, во крвава и беспримерна во нашата историја борба ги положиле своите животи. По оддадената почит започна големиот историски час на кој зборуваше кустосот Ризванбеговиќ Мухарем. По завршувањето на историскиот час и по краткиот одмор, карванот на младите историчари од нашата република го продолжи патот кон Сараево пристигнувајќи во него околу 20 часот. Во Сараево се ноќеваше.

Утредента на 9 мај, учесниците во карванот прошетаа низ градот. Во Сараево дел од учесниците ја посетија старата зграда на Градската Већница на Босна и Херцеговина сега Униврзитетска библиотека. Тоа е убава зграда изградена 1908 година во маварски стил. Во близината на оваа зграда пред 61 година, припадникот на движењето „Млада Босна“ Гаврило Принцип, извршил атентат врз австроунгарскиот престолонаследник Франц Фердинанд. Тој настан беше еден од поводите за Првата светска империјалистичка војна. Посетата на Сараево беше завршена и карванот го продолжи патот кон Јајце некогашна престолнина на средновековните босански кралеви. Во Јајце се пристигна околу 17 часот. Тука се ноќеваше.

Идниот ден на 10 мај беше посетена зградата во која на 29 ноември 1943 година во присуство

на 170 делегати од целата наша земја, се одржа Второто заседание на АВНОЈ на кое се донесени историските одлуки и ставени темелите на нова федеративна Југославија, братска заедница на рамноправни народи и народности. Внатре во салата, во која пред 32 години се родиле контурите на денешна Југославија, беше одржан историски час на кој зборуваше првоборецот и носител на партизанска споменица од 1941 година Еминефендиќ Хазим, сега судија во Врховниот суд на Босна и Херцеговина. По завршувањето на историскиот час, дел од учесниците во карванот приредија пригодна програма читајќи лични творби.

Посетата на Јајце беше завршена и по однапред изготвената програма од страна на Штабот, карванот го продолжи патот кон Дрвар. Околу 15 часот се пристигна на определеното место. Во Дрвар беше посетена пештерата во која за време на десантот над овој град, 25 мај 1944 година, беше се засолнил другарот Тито заедно со Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ и припадници на страни мисии при Врховниот штаб. Во близината на пештерата учесниците во карванот поделени по секции ја разработија Дрварската офанзива. Дрвар, партизански град и град херој како го нарекуваат, ќе остане длабоко врежан во сеќавањата на учесниците во карванот. Знаејќи го својот долг и борејќи се за спасувањето на другарот Тито и Врховниот штаб, на оној 25 мај 1944 година целиот град започнал борба и заедно со слушателите на официрската школа при Врховниот штаб и придружната чета излегле како победници. Тито и Врховниот штаб беа спасени, а Дрвар уште еднаш беше запишан од страна на окупаторот како место на нов војнички неуспех. По краток одмор во близината на пештерата, колоната автобуси со учесниците во карванот го продолжи патот кон Бихаќ. По три часа патување, карванот пристигна во градот Бихаќ во кој на 26 и 27 ноември 1942 година во присуство на 54 делегати колку што можеле да се пробијат низ непријателскиот обрач се одржало Првото заседание на АВНОЈ, прва револуционерна скупштина на нова Југославија. Во Бихаќ се ноќеваше.

Рано изутрина на 11 мај, учесниците во карванот го продолжија патот кон Плитвичките езера. По краток пат се пристигна на одреденото место. Разгледувајќи го овој национален парк, во кој се наоѓаат шеснаесет езера нанижани како бисери на живописната Корана, карванот го продолжи патот кон Кумровец поминувајќи преку Карловац и Загреб.

Во Кумровец беше посетена родната куќа и спомен-домот на херојот на нашата револуција, водачот на нашите народи другарот Тито. По краткиот престој во Кумровец, карванот го продолжи патот кон Загреб. Во Загреб дел од учесниците во карванот ноќеваа, а останатите беа сместени во туристичките објекти во близината на овој град.

Идниот ден, на 12 мај, колоната автобуси со младите историчари од нашата република се упати кон Јасеновац, место во чија близина во времето од 1941 до 1944 година, окупаторот со помошта на домашните предавници беше оформил концентрационен логор во

кој околу 700 илјади луѓе биле убиени. Во овој логор меѓу убиените имало мажи, жени, старци, политички затвореници а најмногу деца. Во специјално адаптирана сала беше прикажан филм за многубројните и разновидни злосторства што ги извршил во ова место окупаторот над големиот број луѓе, припадници на разни националности. Покрај ова, беше разгледан и музејот во кој се чуваат многубројни и разновидни предмети кои биле одземени од луѓето при доведувањето во логорот. Исто така, во музејот се изложени и предметите со кои колеле и убивале злосторниците од типот на Мирослав Мајсторовиќ, Филиповиќ и Вјекослав Лубуриќ, крвници какви историјата не памети. Напуштајќи го Јасеновац, колоната автобуси со учесниците во карванот го продолжи патот кон Белград. По пристигањето во Белград, од името на учесниците во карванот и Сојузот на историските друштва на СРМ беше испратена поздравна телеграма до другарот ТИТО. По краток престој во Белград, карванот го продолжи патот кон Скопје пристигајќи во него утрото на 13 мај во 5 часот.

Како прва и единствена досега од таков вид, оваа акција на Сојузот на историските друштва на Македонија заслужува посебно внимание, преди се поради нејзиниот карактер, време на траење и по резултатите кои произлегоа од истата. Посетата на сите горе споменати места кои се сврзани со нашата народноослободителна епопеја и револуција од Втората светска војна, ќе останат длабоко врежани во сеќавањата на учесниците во карванот.

Оваа активност и другите од таков вид се особено корисни за историчарот. Вистината дека на теренот каде што се случувале настаните подобро се учи и овој пат се потврди. Ова е само еден доказ дека теренската настава за историчарот е повеќе од неопходна. Покрај горе изнесеното, треба да се напомене и тоа дека, при реализирањето на така обемната програма се појавија тешкотии. Високата бројка на учесниците во карванот ги наметна проблемите околу исхраната и нивното сместување.

Распоредени на ноќевање во места често пати едно од друго оддалечени по 40 и повеќе километри и времето поминато во чекање на едни со други за да се стигне заедно на одредено место, во многу ја наруши програмата.

Решението на проблемите на сместување и исхрана во иднина би требало да се бара во поинаков начин на организација; навремено пријавување на бројот на учесниците, благовремено извршување на резервациите во одделни туристички објекти и строгото придржувања за временските термини предвидени во програмата. Од друга страна треба да се каже и тоа дека туристичката организација „ИНЕКС“ од Скопје, во чиј аранжман беше изведена оваа акција, не навремено беше обезбедила превозни средства. Имено уште на поаѓање се случи тоа да автобусите доцнат кое нешто доведе до тоа да настане деконцентрација во редовите на групата. Ако се имаат предвид овие сугестии во врска со организацијата, тогаш веруваме дека во иднина до вакви и слични проблеми нема да дојде.

На крајот треба да се каже и тоа дека, користа што произлезе од оваа наставно-научна и воспитна активност ни дава за право да се надеваме дека ќе биде пренесена и на генерациите што доаѓаат за да стане убава традиција така важна во наставно-научниот процес во кој треба да се воспитуваат и учат тие генерации.

**Д. В.**

## СЕМИНАР ЗА СТРУЧНО И ПЕДАГОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ОД УЧИЛИШТАТА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРМ

Од 2 до 6 септември 1975 година на Катедрата за историски науки при Филозофско-историскиот факултет во Скопје се одржа Семинар за стручно и педагошко усовршување на наставниците по историја од училиштата за средно образование во СР Македонија. На овој четиридневен семинар присуствуваа околу 100 наставници од средните училишта во целата република. Работата на семинарот се одвиваше по однапред утврдена програма од Катедрата за историски науки и од Републичкиот завод за школство. Од предвидените предавања во Програмата не се одржаа само три, поради некои организациони проблеми.

На семинарот се одржаа следниве предавања:

1. Нови наоди од ископувањата од праисторискиот период на територијата на СР Македонија — предавач Д-р Иван Микулчиќ, вонреден професор на Филозофско-историскиот факултет, Скопје;

2. Грција во вториот милениум пред н.е. со посебен осврт на т.н. Хомерски период — предавач Душица Петрушевска, виш предавач;

3. Нови достигања на средновековната историја на македонскиот народ со библиографија — предавач Д-р Бранко Панов, вонреден професор;

4. Нови резултати во проучувањето на македонската историја во XV и XVI век — предавач Методија Соколоски, редовен професор;

5. Одгласот на Босанско-херцеговското востание во Македонија — предавач Љубен Лапе, редовен професор;

6. Привремено претставништво на Бившата Обединета Внатрешна Македонска Револуционерна Организација — предавач Љубен Лапе, редовен професор;

7. Светозар Марковиќ прв пропагатор на социјалистичките идеи во Србија — предавач д-р Александар Апостолов, редовен професор;

8. Нови документи за активноста на МАНАПО — предавач д-р Александар Апостолов, редовен професор;

9. Образовно-воспитните задачи на историјата на македонскиот народ застапена во наставната програма по историја — предавач д-р Војо Кушевски, вонреден професор;

10. Практична работа со подвижна слика — предавач д-р Војо Кушевски, вонреден професор.